# ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-933
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk


Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 32-1587/6
21. 10. 2019 год.
ОБЛЕШЕВО

ООУ СТРАШО ПИНЦУР с. Соколарци

| Примено: 21. 10 2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 383/9 | | |

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНАТА РЕВИЗИЈА НА МАТЕРИЈАЛНОТО И ФИНАНСОВОТО РАБОТЕЊЕ ЗА 2018 ГОДИНА НА ООУ "СТРАШО ПИНЦУР" – СОКОЛАРЦИ

**Облешево, Октомври 2019**

# СОДРЖИНА НА ИЗВЕШТАЈОТ

Страна

1. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ....................................................................2

2. ДЕТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ....................................................................3

3. НАОДИ И ПРЕПОРАКИ....................................................................5

# 1. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Општинското основно училиште “Страшо Пинџур” се наоѓа во с.Соколарци. Училиштето има подрачни училишта во Чешиново, Спанчево, Жиганци и Уларци. Основната дејност на училиштето е воспитно – образовната дејност.

Со цел да се утврди примената на законските и другите прописи кои се однесуваат на материјалното и финансиското работење во ООУ “Страшо Пинџур”, Градоначалникот на Општина Чешиново – Облешево го овласти Внатрешниот ревизор во Општината, со Овластување бр.03-1571/1 од 23.08.2019 година, да изврши ревизија на материјално – финансиското работење за 2018 година.

Предмет на ревизијата е ревизија на регуларноста на материјалното и финансовото работење во ООУ “ Страшо Пинџур ” за 2018 година.

Цел на ревизијата е да утврди дали се применуваат законските и другите прописи кои се однесуваат на материјалното и финансовото работење.

Претходно е извршена ревизија на материјалното и финансовото работење, за период од 2009 до 2013 година, како и за 2015 и 2016 година, додека за 2014 е извршена ревизија на јавните набавки.

Со ревизијата на регуларноста на материјалното и финансовото работење во ООУ “Страшо Пинџур” за 2018 година е утврдено следното:

- Кон фактурите за превоз на ученици кои се доставуваат од носителот на набавката не се приложува дополнителна документација од која ќе се утврди бројот на ученици кои се превезувале во текот на месецот;
- При исплатата на фактурите за превоз не се одбива износот за превозот на учениците кои го користат превозот, а кои биле отсутни во текот на месецот;
- Расходуваните средства не се искажани на посебни пописни листи;
- Износот на обврските кон добавувачите во билансот на состојба е различен во споредба со износот на обврските кон добавувачите во записникот од пописната комисија за попис на обврските;
- Постојат фактури со прилог сметки кон фактурите кои не се потпишани, како и фактура за угостителски услуги, која во прилог има испратница на која пишува угостителски услуги, без да се наведе поконкретно од што се состоела услугата.

**Заклучок**

Во ООУ “Страшо Пинџур” с.Соколарци примената на законските и другите прописи кои се однесуваат на материјалното и финансовото работење е добра, со одредени недостатоци.

# 2. ДЕТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

## 2.1. ВОВЕД

Ревизијата е извршена како дел од Планот за извршување на внатрешната ревизија во Општина Чешиново – Облешево за 2018 година бр.32-2469/1 од 14.12.2018 година, како ревизија на материјалното и финансовото работење во ОУ„Страшо Пинџур"с.Соколарци за 2018 година.

Внатрешна ревизија претставува независна објективна активност за проверување на информации и потврдување на нивната точност и давање совет, создадена со цел да придонесе во подобрувањето на работењето на субјектите. Таа им помага на субјектите да ги исполнат своите цели, применувајќи планиран, строго определен пристап на проценка и подобрување на успешноста во процесите на управување со ризикот, контролата и раководењето.

Внатрешната ревизија кај субјектите ја вршат лица, внатрешни ревизори, согласно меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешна ревизија кои ги пропишува Министерството за финансии.

Основни задачи на внатрешната ревизија се:

- Оценување на значајни фактори на ризик и давање на совети на директорот за намалување на факторите за ризик;
- Врз основа на анализи да се утврди и оцени економичноста, ефикасноста и ефективноста во работењето на системите за финансиско управување и контрола и да се дадат препораки за подобрување на работата на субјектот;
- Проверка на точност на комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи;
- Утврдување и оценување на усогласеноста на работењето со законите, подзаконските и интерните акти;
- Следење на спроведување на превземените мерки од раководителот на субјектот врз основа на ревизорски извештај.

Ревизијата е планирана и извршена во периодот од 02.09.2019 година до 10.10.2019 година, од страна на Благоја Митев, Внатрешен ревизор во Општина Чешиново – Облешево. Почетниот состанок е одржан на 02.09.2019 година, додека завршниот состанок е одржан на 10.10.2019 година.

Доставен е претходен извештај од извршената ревизија на материјалното и финансовото работење за 2018 година во ООУ "Страшо Пинџур" с.Соколарци бр.32-1587/3 од 15.10.2019 година, на кој не е даден никаков приговор од законскиот застапник на субјектот, со што претходниот извештај станува конечен.

**2.1.1. Опфат на ревизијата**

Ревизијата опфаќа испитување на докази, проценување на користените принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и давање општа оценка за усогласеноста на превземените активности во материјалното и финансовото работење.

Ревизијата е извршена во согласност со меѓународните стандарди за професионално известување на внатрешната ревизија кои се пропишани во Република Македонија при вршење на внатрешната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата  да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека е обезбедена законитост во финансиско - материјалното работење и дека финансиските извештаи се ослободени од материјални погрешени прикажувања и даваат точна веродостојна и целосна слика на самата институција.

**2.1.2. Цел на ревизијата**

Цел на ревизијата е да утврди дали се применуваат законските и другите прописи кои се однесуваат на материјалното и финансовото работење.

Ревизијата е извршена согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (Сл.весник на РМ бр.90/2009, бр.188/2013, бр.192/2015), Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија (Сл.весник на РМ бр.72/03), Стратешкиот план за извршување на внатрешната ревизија во Општина Чешиново – Облешево (бр.32-2468/1 од 14.12.2018 година) и Планот за извршување на внатрешната ревизија во Општина Чешиново – Облешево за 2019 година (бр.32-2469/1 од 14.12.2018 година).

Со стандардите се бара ревизијата да се планира и подготви, со цел да се идентификуваат ризиците и значајните грешки, неправилности и неусогласености и да се обезбеди точно, јасно, концизно, конструктивно, комплетно и навремено известување.

Претходно е извршена ревизија на материјалното и финансовото работење, за период од 2009 до 2013 година, како и за 2015 и 2016 година, додека за 2014 е извршена ревизија на јавните набавки.

Финансиските извештаи, како и примената на законските и другите  прописи кои се однесуваат на материјалното и финансиското работење се одговорност на:

- Ленче Јакимова ВД Директор до 19.04.2018 година, од 20.04.2018 година е назначена за Директор на ООУ "Страшо Пинџур" с.Соколарци.

Одговорност на внатрешниот ревизор е да го издаде овој извештај, во кој ќе даде независна и објективна проценка за точноста и објективноста на финансиските извештаи како и за тоа дали работењето на ООУ "Страшо Пинџур"с.Соколарци е во согласност со законите, подзаконските и интерните акти.

**2.1.3. Контролни цели**

Според ризиците во процесите, контролни цели се следните:

1. Да се осигура дека Директорот работи согласно Законот за основно образование;

2. Да се осигура дека при спроведувањето на јавните набавки се почитуваат одредбите од Законот за Јавни набавки;
3. Да се осигура дека сметководственото евидентирање е согласно со одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници;
4. Да се осигура дека финансиските извештаи се изготвени согласно стандардите за изготвување и Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

**2.1.4. Методи на ревизијата**

При ревизијата беа правени интервјуа, анализа, проверка, истражување, верификација евалуација, анализа на податоци, тестови на усогласеност, содржајни тестови, како и преглед на целокупната документација.

# 3. НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

## 3.1. Јавни набавки

За да се стекне уверување за усогласеноста на користењето на средствата на училиштето за 2018 година согласно Законот за јавни набавки, извршена е ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања, обезбедување на конкуренција помеѓу економските оператори, еднаков третман, транспарентност и рационално и ефикасно користење на средствата, како и реализација на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата се опфатени вкупно шест јавни набавки по кои се склучени договори за јавни набавки. Со извршениот увид во документите и евиденциите за спроведените постапки за јавни набавки со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас утврдено е следното:

Во ООУ „Страшо Пинџур" с.Соколарци донесен е Годишен план за јавни набавки за 2018 година број 05 – 123/1 од 31.01.2018. Годишниот план за јавни набавки е усвоен од страна на Училишниот одбор со Одлука бр.02-156/6 од 31.01.2018 година.

Спроведени се следните јавни набавки и тоа како следи:

1. Јавна набавка на хигиенски средства со транспорт за потребите на ООУ „Страшо Пинџур" с.Соколарци за две години, сукцесивна (делива) набавка, спроведена во постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас (набавка на стоки со проценета вредност до 5000 евра во денарска противредност), која се спроведува со користење на електронски средства преку ЕСЈН и завршува со е - аукција. Склучен е договор за јавна набавка за дел 1, 2 и 3 со ДПТУ "Рики јуниор" ДООЕЛ од Кочани бр. 05-218/21 од 12.03.2018 година, и тоа за: дел 1 – хигиенски средства за чистење на износ од 73.106,00 денари без ДДВ, дел 2 - помошни средства на износ од 48.792,00 денари без ДДВ и за дел 3 – видови четки и корпи на износ од 13.631 денари без ДДВ, односно 159.924,00 денари со ДДВ вкупно за трите дела.
2. Јавна набавка на работи: Изработка, транспорт и монтажа на метална ограда во ПУ с.Спанчево, спроведена во постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас, (набавка со проценета вредност до 5000 евра во денарска противредност без вклучен ДДВ), која се спроведува со користење на електронски средства преку ЕСЈН и завршува со е - аукција. Склучен е Договор за јавна набавка помеѓу ООУ „Страшо Пинџур" с.Соколарци и ДПТУ "МЗК Метална Андонов" ДООЕЛ – Штип број 05-261/25 од 02.04.2018 година. Вредноста на договорот изнесува 111.740,00 денари без пресметан ДДВ, односно вкупен износ од 131.853,00 денари со вклучен ДДВ.
3. Јавна набавка на дрвени пелети за топловодно греење за потребите на ООУ „Страшо Пинџур" с.Соколарци во текот на 2018 година, спроведена во постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас (набавка со проценета вредност до 5000 евра во денарска противредност без вклучен ДДВ), која се спроведува со користење на електронски средства преку ЕСЈН и завршува со е - аукција. Склучен е договор за набавка на дрвени пелети со ДООЕЛ „Филаделфија" – Кочани бр.05-326/23 од 23.04.2018 година, со вкупна вредност од 130.500,00 денари без пресметан ДДВ, односно 137.025,00 денари со вклучен ДДВ.
4. Јавна набавка на огревно дрво за греење за потребите на ООУ „Страшо Пинџур" с.Соколарци, спроведена во постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас, (набавка со проценета вредност до 5000 евра во денарска противредност), која се спроведува со користење на електронски средства преку ЕСЈН и завршува со е - аукција. Склучен е Договор за јавна набавка помеѓу ООУ „Страшо Пинџур" с.Соколарци и ДООЕЛ „Георгина" – с.Дедино – Конче, број 05-356/21 од 07.05.2018 година. Вредноста на договорот изнесува 200.000,00 денари без пресметан ДДВ, односно вкупен износ од 236.000,00 денари со вклучен ДДВ.
5. Јавна набавка на ситен инвентар, алати и други материјали за поправка и материјали за тековно одржување на зграда, канализација, водовод, електрична мрежа, парна мрежа за потребите на ООУ „Страшо Пинџур" с.Соколарци, за две години, сукцесивна (делива) набавка, спроведена во постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас (набавка на стоки со проценета вредност до 5000 евра во денарска противредност), која се спроведува со користење на електронски средства преку ЕСЈН и завршува со е - аукција. Склучен е договор за јавна набавка број 05-453/23 од 26.06.2018 година со ДПТУ „Кузе 2000" ДООЕЛ - Кочани за: дел 1 – набавка на електроматеријали со транспорт во

6. вредност од 6.723,00 денари без ДДВ, дел 2 – набавка на материјали за водовод и канализација со транспорт во вредност од 224.723,00 денари без ДДВ, дел 3 – набавка на браварски материјали со транспорт во вредност од 27.563,00 денари без ДДВ и дел 4 – набавка на бои и лакови со транспорт во вредност од 33.610,00 денари без ДДВ или 92.619,00 денари без ДДВ за сите четири дела без ДДВ, односно 109.290,00 денари со ДДВ.
7. Јавна набавка – Превоз на ученици за потребите на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Соколарци, спроведена во постапка со барање за прибирање на понуди, (набавка со проценета вредност до 20.000 евра во денарска противредност), која се спроведува со користење на електронски средства преку ЕСЈН и завршува со е - аукција. Склучен Договор бр.05-519/19 од 31.08.2018 година за јавна набавка со ДОО „Дон Џорџ“ с.Теранци со вкупна вредност на склучениот договор од 359.000,00 денари без ДДВ, односно 376.950 денари со пресметан ДДВ.

При ревизијата на спроведените јавни набавки е констатирано следното:

- Годишниот план за јавни набавки за 2018 година е донесен во законски предвидениот временски рок.
- Доделените договори на економските оператори по спроведените јавни набавки се во согласност со утврдената тендерска докуметација.
- Во ООУ „Страшо Пинџур“ с.Соколарци јавните набавки се спроведуваат од страна на Секретарот, кој има Потврда за положен испит за јавни набавки.
- ООУ "Страшо Пинџур" с.Соколарци има изготвено процедура за спроведување на јавна набавка бр.01-698/1 од 27.11.2018 година.
- Кај договорот за јавна набавка на услуги бр.05-519/19 од 31.08.2018 година за превоз на ученици, во делот каде што е регулиран начинот, условите и роковите на плаќање, а во врска со член 10 е наведено дека набавувачот се обврзува плаќањето кон добавувачот да го врши врз основа на испорачаната фактура, усогласена со училишната евиденција по месечна динамика, утврдена со финансискиот план, заедно со уредно заверена испратница, како прилог на фактурата. Кон фактурите, кои се доставуваат од носителот на набавката, не се приложува дополнителна документација од која ќе се утврди бројот на ученици кои се превезувале во текот на месецот. За учениците кои биле отсутни, а се од друго населено место и го користат превозот, не е намален износот на фактурите за превоз на ученици.
- Во смисла на утврдување и евидентирање на бројот на стварни корисници на превозот за конкретна релација и почитување на возниот ред од страна на превозникот, потребно е во договорот да биде регулирано договорниот орган по претходно известување до носителот на набавката да изврши квалитативна и квантитативна контрола ( надзор / контрола на извршување на услугите ) со формирање на комисија од одговорното лице на договорниот орган, а во присуство на преставник на превозникот. За извршената контрола, доколку се забележат пропусти и неправилности извршени од страна на на носителот на набавката, кои носителот на набавката е должен да ги отстрани во рок кој ќе му го определи комисијата.

- Во зависност од спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка, договорниот орган има оформено досие за постапката за секој доделен договор за јавна набавка кое содржи: одлука за јавна набавка, тендерска документација, објавен оглас, примени понуди, записник од отварање на понудите, потпишани изјави за непостоење на судир на интереси, извештај од првичната евалуација на поднесените понуди, извештај од Е-аукција, одлука за избор на најповолна понуда, известување за избор на најповолен понудувач, извештај од спроведената постапка и заклучен договор за јавна набавка, известување за склучен договор и доказ дека истото е испратено за објавување, како и целокупна документација за целосно следење на активностите што се спроведуваат за време на постапката за доделување на договор при користење на електронски средства.

- За изработка на канцелариски мебел за наставничките канцеларии во централното училиште во Соколарци и подрачното училиште во Чешиново склучен е договор на дело бр.03-578/1 од 05.09.2018 година на износ од 24.000,00 денари и набавени се потребните материјали за изработка на мебелот со фактура бр. 3-1-082 од "Европроект" ДООЕЛ на износ од 30.000,00 денари без распишување на јавна набавка, што е спротивно на одредбите на Законот за јавни набавки. Неспроведувањето на постапка за јавна набавка, согласно Законот за јавни набавки, создава можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен понудувач, фаворизирање на одредени фирми, нетранспарентност при склучување на договорите, ја спречува конкуренцијата и придонесува за набавки по зголемени цени.

**Препорака бр.1**
Раководителот на субјектот да го задолжи носителот на набавката за превоз на ученици да изготвува преглед за извршени услуги по денови и релации и број на превезувани ученици и истиот да го доставува во прилог на фактурата.

**Препорака бр.2**
Раководителот на субјектот да преземе активности со цел да изврши квалитативна и квантитативна контрола во насока на утврдување и евидентирање на бројот на стварни корисници на превозот на конкретна релација и почитување на возниот ред од страна на превозникот.

**Препорака бр.3**
Раководното лице на ООУ "Страшо Пинџур" с.Соколарци во иднина да преземе соодветни мерки за доследно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки, со што ќе се обезбеди фер конкуренција, еднаква положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

## 3.2. Попис

Пописот на средствата и изворите на средствата е извршен согласно Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, со состојба заклучно со 31.12.2018 година со одредени недостатоци, при што е констатирано следното:

- Донесена е Одлука за попис на средствата и обврските со состојба на 31.12.2018 година, бр.02-684/1 од 20.11.2018 година;
- Формирани се четири Комисии за попис на основните средства и ситниот инвентар (една за училиштето во Соколарци, една за училиштата во Спанчево, Уларци и Жиѓанци и две комисии за училиштето во Чешиново), Комисија за попис на побарувањата и обврските, состојбата на жиро сметките, состојба на касата и залихите, како и Зентрална пописна комисија;

- Во ООУ „Страшо Пинџур" с.Соколарци има изготвено Упатство бр. 02-688/1 од 21.11.2018 година за подготовки и извршување на пописот со состојба на 31.12.2018 година
- Пописните листи се целосно пополнети со состојба заклучно со 31.12.2018 и истите се потпишани од страна на членовите на пописните комисии и од страна на одговорното лице;
- Расходуваните средства не се искажани на посебни пописни листи;
- Изготвени се записници од страна на пописните комисии и истите се доставени до Централната пописна комисија, која врз основа на изготвените записници има изготвено Елаборат од пописот за 2018 година бр.02-50/7 од 29.01.2019 година, кој е усвоен од страна на училишниот одбор со Одлука бр.02-37/5 од 29.01.2019 година за усвојување на елаборатот од спроведениот попис.
- Во записникот бр.02-50/5 од 29.01.2018 година од извршениот попис на обврските во ООУ Страшо Пинџур с.Соколарци, како и во Елаборатот бр.02-50/7 од 29.01.2019 година од пописот за 2018 година е наведено дека обврските кон добавувачите на училиштето на ден 31.12.2018 година изнесуваат 24.795,00 денари, при што се наведени фактурите кон добавувачите по износи и броеви на фактури. За разлика од записникот, обврските кон добавувачите во билансите на состојба за сметките 785 и 787 изнесуваат 0 денари, додека во билансот на состојба за сметката 903, обврските кон добавувачите изнесуваат 30.989,00 денари со што се разликуваат во записникот од пописната комисија за попис на обврските.

**Препорака бр.4**
Раководителот на субјектот да овозможи расходуваните средства да бидат прикажани на посебни пописни листи согласно Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака бр.5**
Раководителот на субјектот да овозможи усогласување на сметководствената со фактичката состојба на побарувањата и обврските на училиштето согласно Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

## 3.3. Евидентирање на сметководствената документација

При проверка на сметководствената документација во ООУ „Страшо Пинџур" – Соколарци констатирано е следното:

- Во училиштето постои процедура за проток на документи бр.01-699/1 од 27.11.2018 година;
- Влезните фактури уредно се заведуваат во книгата на влезни фактури и истите се потпишани од Директорот и се доставуваат во книговодството за книжење.
- Во евиденцијата која и беше доставена на ревизијата на увид, утврдени се одреден број на фактури за извршени набавки и извршени услуги, без прилог на испратници или фактури со прилог на испратници без да бидат потпишани, при што не може јасно да се види кој ја примил стоката или кој ја има користено услугата.
- При контрола на аналитичките евиденции по поодделни фирми, ревизијата констатира дека ООУ „Страшо Пинџур" с.Соколарци во текот на 2018 година има набавено услуги на име репрезенатација за што постојат фактури со прилог сметки кон фактурите кои не се потпишани, без да се наведе кој ја има користено услугата и за која цел, како и фактура бр.98/2018 од "Але-Дар" – Кочани на износ од 22.850,00 денари за прослава на патронатот на училиштето, која во прилог има испратница на која пишува угостителски услуги, без да се наведе поконкретно од што се состоела услугата.

**Препорака бр.6**
Се препорачува на Раководителот на субјектот да превземе активности во иднина, да обезбедува испратници при секоја набавка на стока или услуга и сите испратници кои се приложуваат кон фактурите за настанатата обврска да бидат потпишани од примателот на стоката, со цел да се утврди примателот на стоката, односно корисникот на услугата.

**Препорака бр.7**
Се препорачува на Раководителот на субјектот во иднина да ги почитува препораките од Министерството за финансии и согласно Законот за извршување на буџетот на Република Македонија за 2018 година и Одлуката за извршување на буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2018 година и да се воздржат од користење на угостителски услуги на име репрезенатација.

Облешево, 21.10.2019 година.

Одделение за внатрешна ревизија
Внатрешен ревизор
Благоја Митев

## АКЦИОНЕН ПЛАН по извр на ревизија за 2018 година во ООУ " рашо Пинџур" с.Соколарци

| Препорака бр. | Препорака | При - оритет | Комен-тари на раковод-ството | Краток опис на договорни активности | Одговорно лице за имплемен-тација | Датум на импле-ментација | Импле-ментира-но ДА/НЕ | Краток опис на имплемен-тација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Раководителот на субјектот да го задолжи носителот на набавката за превоз на ученици да изготвува преглед за извршени услуги по денови и релации и број на превезувани ученици и истиот да го доставува во прилог на фактурата. | | | | Раководителот на субјектот | 31.01.2020 | | |
| 2. | Раководителот на субјектот да преземе активности со цел да изврши квалитативна и квантитативна контрола во насока на утврдување и евидентирање на бројот на стварни корисници на превозот на конкретна релација и почитување на возниот ред од страна на превозникот. | | | | Раководителот на субјектот | 31.01.2020 | | |
| 3. | Раководното лице на ООУ "Страшо Пинџур" с.Соколарци во иднина да преземе соодветни мерки за доследно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки, со што ќе се обезбеди фер конкуренција, еднаква положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките. | | | | Раководителот на субјектот | 31.01.2020 | | |
| 4. | Раководителот на субјектот да овозможи расходуваните средства да бидат прикажани на посебни пописни листи согласно Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. | | | | Раководителот на субјектот | 09.02.2020 | | |
| 5. | Раководителот на субјектот да овозможи усогласување на сметководствената со фактичката состојба на побарувањата и обврските на училиштето согласно Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. | | | | Раководителот на субјектот | 09.02.2020 | | |
| 6. | Се препорачува на Раководителот на субјектот да превземе активности во иднина, да обезбедува испратници при секоја набавка на стока или услуга и сите испратници кои се приложуваат кон фактурите за настанатата обврска да бидат потпишани од примателот на стоката, со цел да се утврди примателот на стоката, односно корисникот на услугата. | | | | Раководителот на субјектот | 31.03.2020 | | |
| 7. | Се препорачува на Раководителот на субјектот во иднина да ги почитува препораките од Министерството за финансии и согласно Законот за извршување на буџетот на Република Македонија за 2018 година и Одлуката за извршување на буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2018 година и да се воздржат од | | | | Раководителот на субјектот | 30.06.2020 | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | користење на угостителски услуги на име репрезенатација. | | | | | | | |

Одделение за внатрешна ревизија
Внатрешен ревизор
Благоја Митев

ООУ "Страшо Пинџур"с.Соколарци
Директор
Ленче Јакимова